Обуката за мобилизирање ресурси се одржа на 7 и 8 февруари во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје, на која учество зедоа 17 претставници на граѓански организации. Тие се запознаа со различните **можности за финансирање на организациите**, **алатки за подготвување на стратегии и планирање на активности за мобилизирање ресурси**.

Преку практични вежби учесниците направија **проценка на одржливоста на својата организацијата, мапирање на изворите на ресурси а исто така одредија стратешки цели и поставија индикатори за успех** во активности за мобилизирање на ресурси.



„Обуката беше и повеќе од корисна. **Најпродуктивно беше тоа што низ практичните вежби, со пластични примери, навлеговме во суштината на начините за мобилизација на фондови и ресурси**
, ко
е
многу ќе ни помогн
е
при
барање
поддршката од донаторите
“, изјави Жаклина Цветковска од РЦС Спектар, Крива Паланка.

Најголем дел од прашањата на присутните беа одговорени на самата обука, а нивното знаење и вештини се значително зголемени со обуката. Дополнително **неколку организации истакнаа дека ќе продолжат да работат во своите организации на подготвување на стратешки план за мобилизирање на ресурси**
. Неколку организации наведоа потреба од организирање на обуки за подготвување на проектна апликација и управување со проектен циклус.

Обуката се одржа во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, а ја спроведе експертот Лилјана Алчева.

